# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНАТА БИТОЛА

Службено гласило на Општината Битола излегува по потреба

Број 15, година LVI
Понеделник, 10.11.2025
Битола

www.bitola.gov.mk

e-mail:bitola@t-home.mk


Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за примање на донација поддржување и промовирање на проект од областа на заштита спасување и управување со кризи**

Се објавува Одлуката за примање на донација поддржување и промовирање на проект од областа на заштита спасување и управување со кризи, донесена на вонредната седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/1 — ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. — на Општината Битола,
Б и т о л а — Тони Коњановски

Врз основа на член 22 и 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 7 од Законот за донации и спонзорства во јавните дејности („Службен весник на РМ“ бр. 47/06....153/15) и член 70 од Статутот на Општина Битола (Службен гласник на Општината Битола бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општина Битола на вонредната седница одржана на ден 06.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за примање на донација поддржување и промовирање на проект од областа на заштита спасување и управување со кризи**

**Член 1**

Со Оваа одлука Општина Битола во својство на прималел ја прима донацијата од страна на Амбасада на САД во Република Северна Македонија и тоа помош во вид на завршна изградба на новата противпожарна станица за Битола во износ од $1,093,017,00.

**Член 2**

Донацијата не создава директна корист за давателот ниту обврска за враќање од примателот на донацијата, дадена за цели од јавен интерес.

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Битола да склучи Договор со давателот на донацијата со кој подетално ќе биде уреден начинот на користење на донацијата.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-116/3 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од Буџетската сметка на Општина Битола**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од Буџетската сметка на Општина Битола, донесена на вонредната седницата на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/2 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024), член 16 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“ бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21), а во врска со одредбите од член 4 став од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/2005, 137/2006, 88/2008, 35/2011 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025), Советот на Општина Битола на вонредната седница одржана на ден 06.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Битола Согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ („Службен весник на РСМ“ бр. 166 од 04.08.2023).**

**Член 1**

Во случај на непочитување на договорените услови, со оваа одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Битола за измирување на средства од буџетската сметка на Општина Битола, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант, кој/и ќе се склучат согласно со Договорот за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Проект: „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот „Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“, („Службен Весник на РСМ“ бр. 203/2022) и Одлуката за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот “Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија“ (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 166 од 4.08.2023), помеѓу Општина Битола и Министерство за животна средина и

просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на Општина Битола да изврши измирување на средствата од буџетската сметка на општината, во износ на искористените средства од Договорот/ите за грант односно наплатата на средства да ја извршува Министерство за финансии на Република Северна Македонија, со насочување на средства од буџетската сметка на општината-крајниот корисник и/или со задршка на дел од дотациите кои треба да се распределат на Општина Битола до износот потребен за наплата на побарувањето, согласно со одредбите од Законот за јавен долг („Службен весник на РМ“ бр. 62/05, 88/08, 35/11 и 139/2014 и „Службен весник на РСМ“ бр. 98/2019, 151/2021 и 12/2025).

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-116/4 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Изјавата дека Општина Битола ги исполнува/ ќе ги исполни следните услови**

Се објавува Изјавата дека Општина Битола ги исполнува/ ќе ги исполни следните услови, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/3 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ“ бр.202/2024) и член 22 став 1 точка 47 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола“бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21) а во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската инвестициска банка по Договорот за заем по Проектот Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ“бр.203/2022), Советот на Општина Битола на вонредната одржана на ден 06.11.2025 година, дава

**И З Ј А В А**
**дека Општина Битола ги исполнува/ ќе ги исполни следните услови**

Општина Битола има формирано Јавно комунално претпријатие – ЈКП Водовод кое ги покрива услугите кои се однесуваат на снабдување со вода за пиење и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање. ЈКП Водовод со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот/тите.

Општина Битола има формирано Јавно претпријатие - КЈП Нискоградба , кое ги покрива услугите кои се однесуваат на одведување на урбани отпадни води, и не е оптоварено со долгови кои би го довеле во прашање неговото функционирање. КЈП Нискоградба со утврдената тарифа овозможува покривање на трошоците за тековното и идно функционирање и одржување на Проектот/тите.

Проектите со кои ќе аплицира општината ќе бидат одобрени со одлука од Советот на општината.

Сите досега финансирани проекти за снабдување со вода за пиење за одведување на урбани отпадни води во Општина Битола од

донации од државата или меѓународни институции се реализирани и се во функција.

Доколку општината не ги исполни условите од дадената изјава се обврзува да ги врати средствата во целост.

Бр.09-116/5 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант**

Се објавува Одлуката за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/4 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 22 став 1 точка 4, член 36 став 1 точка 15 и член 50 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.05/2002 и „Службен весник на РСМ" бр.202/2024), член 16 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Битола („Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 05/21) Советот на Општина Битола на вонредната седница одржана на ден 06.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант**

Согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска инвестициска банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на Општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија" ("Службен весник на РСМ" бр. 166 од 4.08.2023), помеѓу Општина Битола и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност и овластување на Градоначалникот на општина Битола да го потпишување на Договор/и за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр. 2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктира на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022) и Одлука за распределба на средства согласно со финансискиот договор за проектот "Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија" ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 166 од 4.08.2023), меѓу Општина Битола и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 2**

Се задолжува и овластува Градоначалникот на општина Битола, да го потпише Договорот/ите за грант, кој ќе се склучи согласно Договор за финансирање SERAPIS бр.

2018-0837 помеѓу Република Северна Македонија и Европска Инвестициска Банка за Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, како и во врска со Законот за задолжување на Република Северна Македонија со заем кај Европската Инвестициска Банка по финансискиот договор за проектот Подобрување на водната инфраструктура на општините во Северна Македонија, („Службен Весник на РСМ" бр. 203/2022) меѓу Општина Битола и Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-116/6 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Четврт Запад 8 блок З.08.01, Општина Битола**

Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Четврт Запад 8 блок З.08.01, Општина Битола, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/5 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 27 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. весник РСМ бр.32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник" бр.10/2005, 17/2008, 08/2019, 14/2020, 19/2020, 05/2021), Советот на Општината Битола на седницата одржана на ден 06.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Четврт Запад 8 блок З.08.01, Општина Битола**

**Член 1**

Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за Четврт Запад 8 блок З.08.01, Општина Битола.

**Член 2**

По Нацрт Планот ќе се организира јавна презентација и јавна анкета.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-116/7 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за воспоставување на зонско паркирање на КП бр.11472/1 и КП бр.11465 КО Битола**

Се објавува Одлука за воспоставување на зонско паркирање на КП бр.11472/1 и КП

бр.11465 КО Битола, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/6 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 348 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата („Службен весник на РМ"бр.169/15…83/18 и „Службен весник на РСМ"бр.98/19...193/25) и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на вонредната седница одржана на ден 06.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за воспоставување на зонско паркирање на КП бр.11472/1 и КП бр.11465 КО Битола**

**Член 1**

Се задолжува Јавното претпријатие за изградба и одржување на јавен простор за паркирање и уредување и организирање на јавен локален превоз на патници во општината Битола да ја спроведи Одлуката за воспоставување на зонско паркирање на КП бр.11472/1 и КП бр.11465 КО Битола.

**Член 2**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-116/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за поставување урбана опрема – рекламни паноа – билборди на подрачјето на Општина Битола за периодот 2025-2029 година**

Се објавува Одлука за поставување урбана опрема – рекламни паноа – билборди на подрачјето на Општина Битола за периодот 2025-2029 година, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/7 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), член 22 став (1) точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола ("Службен гласник на Општина Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), член 80 од Законот за градење („Сл.Весник на РМ" бр.130/09...111/2023), а во врска со Програмата за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на општина Битола за 2016 и 2017 година бр. 09-116/05 од 14.11.2016 година, Советот на општина Битола на вонредната седница одржана на ден 06.11.2025 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**за поставување урбана опрема – рекламни паноа – билборди на подрачјето на Општина Битола за периодот 2025-2029 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука се определува: начинот за добивање право за поставување на рекламни паноа - билборди на подрачјето на општина Битола, временскиот период за нивно поставување и висината на надоместокот за поставување на рекламни паноа – билборди.

**Член 2**

Локациите, типот и бројот на рекламните паноа се утврдени согласно Програмата за

поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на општина Битола за 2016 и 2017 година бр. 09-116/05 од 14.11.2016 година.

**Член 3**

Временскиот период за поставување на рекламни паноа - билборди по локации, тип и број утврдени во член 2 од оваа Одлука се определува за период од 4 (четири) години (2025-2029).

**Член 4**

Доделувањето на правото за поставување на рекламните паноа ќе се врши по пат на објавување на јавен оглас за добивање право за поставување на рекламни паноа - билборди. Огласот го распишува Градоначалникот на општина Битола и објавува на официјалната ВЕБ страна на општина Битола и во најмалку два дневни весника.

**Член 5**

Огласот од член 4 на оваа одлука, особено треба да ги содржи следните податоци:

1.Податоци за субјектот кој го распишува огласот;

2.Назначување на локациите за кои се врши доделувањето;

3.Време за кое се доделува правото за поставување на рекламни паноа;

4. Почетна цена за добивање право за поставување на рекламни паноа;

5. Содржина и прилози на понудите;

6. Рок за поднесување на понудите;

7. Ден, час и место на отворање на понудите.

**Член 6**

Почетната цена се определува согласно Одлуката за утврдување на почетна цена за поставување на рекламни паноа - билборди од 00.00.0000 година („Службен гласник на општина Битола“ број 00/2024), донесена од страна на Советот на општина Битола.

**Член 7**

За најповолна понуда ќе се смета понудата со највисок износ на годишниот надоместок за давање во закуп на соодветната локација.

**Член 8**

Постапката на отворање на понуди ја врши комисијата што ја формира градоначалникот. Комисијата се состои од Претседател и два члена.

**Член 9**

За својата работа Комисијата изготвува извештај, со предлог за најповолен понудувач до градоначалникот. Градоначалникот ќе донесе решение за доделување право за поставување на рекламни паноа - билборди и ќе ги извести останатите учесници за резултатите од распределбата.

**Член 10**

Диференцирање на еднострани и двострани рекламно информативни паноа ќе врши посебна комисија формирана од страна на Градоначалникот на општина Битола.

**Член 11**

Помеѓу Градоначалникот и најповолниот понудувач се склучува Договор за условите и начинот на користење и одржување на добиените локации. Понудувачот кој ќе го добие правото на поставување, покрај цената која е понудена, должен е на сметката на општина Битола да уплаќа и годишна комунална такса за секоја локација каде се поставени рекламни паноа - билборди, во висина утврдена во одлуката за висина на комуналните такси на општина Битола.

**Член 12**

Секое рекламно пано, на барање на најповолниот понудувач со претходно одобрено идејно решение за изгледот, се поставува врз основа на Извод од програма за поставување урбана опрема и Одобрение издадено од Градоначалникот на општина Битола.

**Член 13**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-116/9 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за утврдување на почетна цена за давање во закуп на микролокации предвидени за поставување на урбана опрема рекламно информативни паноа – билборди**

Се објавува Одлука за утврдување на почетна цена за давање во закуп на микролокации предвидени за поставување на урбана опрема рекламно информативни паноа – билборди, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/8 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на Република Македонија”бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), член 22 став (1) точка 36 и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на општина Битола на вонредната седница одржана на ден 06.11.2025 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за утврдување на почетна цена за давање во закуп на микролокации предвидени за поставување на урбана опрема рекламно информативни паноа – билборди**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува минималната почетната цена за давање во закуп на микролокации предвидени за поставување на урбана опрема рекламно информативни паноа - билборди на подрачјето на општина Битола согласно Програма за поставување на урбана опрема на јавни површини на подрачјето на општина Битола за 2016 и 2017 година бр.09-116/05 од 14.11.2016 година.

**Член 2**

Почетната цена за давање во закуп на микролокации предвидени за поставување на урбана опрема рекламно информативни паноа – билборди за еднострани билборди со рекламна површина од 12 м2 изнесува 30.000,оо денари годишно, а за двострани билборди со рекламна површина од 24 м2 изнесува 50.000,оо денари годишно.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола”.

Бр.09-116/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлука за пренесување на право на правото на градење**

Се објавува Одлука за пренесување на право на правото на градење, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/9 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15, од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ" бр.202/24), член 70 од Законот за градење („Служб. весник на РМ" бр. 130/09, 124/10, ….. 111/23) и член 70 од Статутот на општината Битола („Службен гласник на општината Битола"бр. 10/05, 17/08, 8/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на општина Битола на вонредната седница одржана на ден 06.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за пренесување на право на правото на градење**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши пренесување на правото на градење за Изградба на водоводна мрежа за технолошка вода на дел на улица „8-ми Септември"во Битола од кружен тек Дулие до граница на ГУП на град Битола, Општина Битола на ЈП „Стрежево"- Битола.

**Член 2**

Се задолжува ЈП „Стрежево" Битола врз основа на оваа одлука да изврши промена на инвеститор во постапка пред општина Битола, Одобрение за градење УП 1 бр.30-2058/2024 од 25.12.2024 година, со прифаќање на сите права и обврски кој произлегуваат од одобрението за градење.

**Член 3**

Оваа Одлука стапува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Битола".

Бр.09-116/11 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола" бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Заклучокот за донесување на Локалниот еколошки акционен план за животна средина на Општина Битола за период 2024-2030 година**

Се објавува Заклучокот за донесување на Локалниот еколошки акционен план за животна средина на Општина Битола за период 2024-2030 година, донесен на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/10 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02 и „Службен весник на РСМ"бр.202/2024) и член 22 и член 70 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола"бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Советот на Општината Битола на вонредната седницата одржана на ден 06.11.2025 година, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**за донесување на Локалниот еколошки акционен план за животна средина на Општина Битола за период 2024-2030 година**

1.СЕ ДОНЕСУВА Локалниот еколошки акционен план за животна средина на Општина Битола за период 2024-2030 година.

2. Заклучокот влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-116/12 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

Врз основа на член 50 став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), а во врска со член 54 од Статутот на Општината Битола („Службен гласник на Општината Битола” бр.10/05, 17/08, 08/19, 14/20, 19/20 и 5/21), Градоначалникот на Општина Битола, донесува

**З А К Л У Ч О К**
**за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот “Smart4You2”**

Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот “Smart4You2”, донесена на вонредната седница на Советот на Општината Битола одржана на ден 06.11.2025 година.

Бр.08-1110/11 ГРАДОНАЧАЛНИК
10.11.2025 год. на Општината Битола,
Б и т о л а Тони Коњановски

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ” бр.5/2002 и „Службен весник на РСМ“бр.202/2024), член 22 став 1 точка 15 и член 70 од Статутот на Општина Битола (“Службен гласник на Општина Битола” бр. 10/2005, 17/2008, 08/19, 14/19, 19/20 и 5/21), а во врска со добивањето на Грантот за проект “Smart4You2”, во рамките на EuropeAid / 170339 / DD / ACT / MK, Прекугранична програма Република Северна Македонија – Република Албанија во рамките на Инструментот за Претпристапна помош (IPA II) алокации за 2018-2020 година, Советот на Општина Битола на вонредната седница одржана на 06.11.2025 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување на Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот “Smart4You2”**

**Член 1**

Во Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот “Smart4You2” бр. 09-03/4 од 10.01.2022 година (“Службен гласник на Општина Битола” бр. 1/22), во членот 1 износот “296.562,00 евра” се заменува со износот “299.854,14 евра”, а се бришат зборовите „во делот на реконструкција на објект „ПАРК” кој се наоѓа на КП бр.16702/1 КО Битола 3 запишано во имотен лист бр.95208”.

**Член 2**

По членот 1 се додава нов член 1-а кој гласи:

За Заокружување на проектот “Smart4You2” кој прдвидува реконструкција на тротоари и воведување на велосипедски патеки на улиците „Васко Карангелевски” и „Партизанска” потребно е обезбедување на средства во висина на 10.717.696,оо денари.

**Член 3**

Членот 2 се менува и гласи:
“Средствата од членот 1 и членот 2 од оваа одлука да се обезбедат од Буџетот на Општина Битола за наредните две години 2024 и 2025 година.”

**Член 4**

Одлуката влегува во сила со објавувањето во „Службен гласник на Општината Битола“.

Бр.09-116/13 ПРЕТСЕДАТЕЛ
06.11.2025 год. на Советот на Општината
Б и т о л а Бојан Бојкоски

# СОДРЖИНА

О Д Л У К А за примање на донација поддржување и промовирање на проект од обласа на заштита спасување и управување со кризи......1

О Д Л У К А за давање согласност и овластување за измирување односно пренасочување на средства од буџетската сметка на Општина Битола...............................................................2

И З Ј А В А дека Општина Битола ги исполнува/ ќе ги исполни следните услови...................3

О Д Л У К А за давање согласност и овластување за потпишување на Договор/и за грант....4

О Д Л У К А за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за Четврт Запад 8 блок З.08.01, Општина Битола .................................5

О Д Л У К А за воспоставување на зонско паркирање на КП бр.11472/1 и КП бр.11465 КО Битола .........................................................6

О Д Л У К А за поставување урбана опрема – рекламни паноа – билборди на подрачјето на Општина Битола за периодот 2025-2029 година................................................................6

О Д Л У К А за утврдување на почетна цена за давање во закуп на микролокации предвидени за поставување на урбана опрема рекламно информативни паноа – билборди .....................8

О Д Л У К А за пренесување на право на правото на градење.....................................................9

З А К Л У Ч О К за донесување на Локалниот еколошки акционен план за животна средина на Општина Битола за период 2024-2030 година.....................................................................10

О Д Л У К А за изменување на Одлуката за согласност и кофинансирање на проектот “Smart4You2”.................................................10

**Издавач: Општина Битола**
**тел. 047 234 234; 047 208 300**

Буџет на Општина Битола
Сметка: 703014002963013 Народна банка на Р.М.
Д.Б. 4002996128471
Приходна Шифра 725211